# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

**Број 8, година XLIII**
**Петок, 06.07.2012**
Битола

**www.bitola.gov.mk**

**e-mail:bitola@t-home.mk**


Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

### З А К Л У Ч О К
### за објавување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за давање на услуги на паркирање

1. Ја објавувам Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за давање на услуги на паркирање, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 04.07.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1010/1 ГРАДОНАЧАЛНИК
06.07.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член член 22, 24 и 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/2002), член 3 став 1 точка 13 и 14 од Законот за комуналните дејности („Сл. весник на РМ“ бр. 45/97, 23/99, 16/04 и 5/09), член 17 и 18 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Сл. Весник на РМ“ бр. 6/12 ), Советот на општина Битола на седницата одржана на 04.07.2012 година, донесе

### ОДЛУКА
### за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за давање на услуги на паркирање

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Битола започнува постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за давање на услуги на паркирање преку зонско паркирање и затворени паркинзи. (во натамошниот текст: Договор за ЈПП)

Оправданоста од доделување на Договорот за ЈПП произлегува од потребата од одржувањето и користењето на јавниот простор за паркирање и потребата од воспоставување на организиран режим на паркирање преку користење на затворените паркинзи и јавните површини (зонско паркирање).

**Член 2**

Цели кои треба да се остварат со доделувањето на договорот за ЈПП се:

– воспоставување на зонско паркирање и паркирање во затворени паркинзи;
– набавка на опрема за давање на услуги на паркирање од страна на приватниот партнер (концесионерот);
– создавање на услови за паркирање со цел за поуспешување на режимот на сообраќајот;

- овозможување на корисниците подобри услови за навремено завршување на работи од секојдневниот живот во територијалните рамки на предвидени за зонско паркирање

**Член 3**

Предмет на Договорот за ЈПП е:

- финансирање на Договорот за ЈПП;
- набавка на опрема за давање на услуги на паркирање;
- изведување на градежни работи на јавните површини наменети за паркирање;
- стопанисување со јавните паркинзи; и
- пренос на опремата за давање на услуги на паркирање во сопственост на општина Битола и право на стопанисување со јавните паркинзи од страна на општина Битола, по истекот на Договорот за ЈПП, на начин и под услови определени со Договорот за ЈПП.

Договорот за ЈПП да содржи одредби дека рокот на воведување на зонско паркирање е 90 дена од потпишување на договорот со записник од партнерите за исполнети услови од договорот.

Првите 60 дена концесионерот да организира промотивно и едукативно зонско паркирање без надомест. По првите 60 дена се воведува зонско паркирање во прва зона. По истекот на 6 месеци од воведување наплата во прва зона, се воведува наплата во втора зона а по истекот на 12 месеци се воведува наплата и во трета зона.

Рокот на концесија не смее да е подолг од 10 години.

**Член 4**

Вредноста на Договорот за ЈПП да се утврди во законска постапка со примена на моделот јавност и транспаретност со јавно наддавање.

**Член 5**

Согласно член 15 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство Договорот за ЈПП ќе се додели со отворен повик.

Спроведувањето на постапката од став 1 на овој член ќе започне најдоцна во рок од 15 од денот на влегувањето во сила на оваа одлука и ќе се спроведе во рок од 45 дена од денот на влегување во сила на оваа одлука..

**Член 6**

Концесионерот остварува приходи од наплата надоместок за користење на паркинзи согласно цени утврдени во тарифа донесена од Совет на општина Битола.

До промена на цените во тарифата може да дојде по барање на концесионерот, под услов да е објавена стапка на инфлација повисока од 20 % од овластена државна институција. Одлука за зголемување на цените донесува Советот по обезбедено мислење од регулаторно тело, но најмногу до 50 % од званично објавената стапка на инфлација.

**Член 7**

Висината на надоместокот за издавање на тендерската документација изнесува 10.000,00 денари.

**Член 8**

Постапката за доделување на Договорот за ЈПП од член 3 на оваа одлука ќе ја спроведе Комисија за спроведување на постапката формирана од страна на Градоначалникот на Општина Битола.

**Член 9**

За се што не е регулирано во оваа одлука, а доколку е потребно да се регулира во договорот, да се почитуваат податоците од физибилити студијата која е составен дел на оваа Одлука.

**Член 10**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-15/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.07.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член

54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за усвојување Информацијата за состојбата на шумските површини и опасностите од пожари во истите и материјално-техничката подготвеност на субјектите

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Информацијата за состојбата на шумските површини и опасностите од пожари во истите и материјално-техничката подготвеност на субјектите, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 04.07.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1010/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
06.07.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 04.07.2012 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување Информацијата за состојбата на шумските површини и опасностите од пожари во истите и материјално-техничката подготвеност на субјектите

1. СЕ УСВОЈУВА Информацијата за состојбата на шумските површини и опасностите од пожари во истите и материјално-техничката подготвеност на субјектите.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-15/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.07.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за усвојување Информацијата за остварување на противпожарната заштита во Општината Битола

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Информацијата за остварување на противпожарната заштита во Општината Битола, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 04.07.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1010/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
06.07.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 04.07.2012 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување Информацијата за остварување на противпожарната заштита во Општината Битола

1. СЕ УСВОЈУВА Информацијата за остварување на противпожарната заштита во Општината Битола.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-15/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.07.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на Здружението на граѓани ДПД „ПЕГАЗ" Битола

1. Ја објавувам Одлуката за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на Здружението на граѓани ДПД „ПЕГАЗ" Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 04.07.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-1010/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
06.07.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 4 од Одлуката за определување на критериуми за одредување на финнсиска помош од Буџетот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола" бр. 15/08) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола" бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 04.07.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на Здружението на граѓани ДПД „ПЕГАЗ" Битола

### Член 1
На Здружението на граѓани ДПД „Пегаз" Битола, му се доделуваат 110.000 денари од Буџетот на Општината Битола, за реализирање на програмски активности.

### Член 2
Се задолжува Здружението на граѓани ДПД „Пегаз" Битола да достави повратна информација за тоа кои активности се финансирани од добиените средства.

### Член 3
Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.07-15/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.07.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за давање на користење недвижен имот во сопственост на Општина Битола без надоместок на Здружение за едукација за заштита од пожари ПЕГАЗ - ЕДУ - Битола

1. Ја објавувам Одлуката за давање на користење недвижен имот во сопственост на Општина Битола без надоместок на Здружение за едукација за заштита од пожари ПЕГАЗ – ЕДУ - Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 04.07.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-1010/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
06.07.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р Македонија" бр. 05/02), член 22 став 1 точка 36 и член 70 од Статутот на

Општината Битола („Сл. гласник на Општинта Битола“ бр. 10/05), а во врска со член 15 од Правилникот за условите на стопанисување и начинот на продажба и давање на користење недвижни ствари во сопственост на Општина Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 14/07 и 3/11), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 04.07.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## за давање на користење недвижен имот во сопственост на Општина Битола без надоместок на Здружение за едукација за заштита од пожари ПЕГАЗ - ЕДУ - Битола

**Член 1**

Со оваа Одлука на Здружението за едукација за заштита од пожари ПЕГАЗ – ЕДУ - Битола му се дава на користење објектот кој се наоѓа во поранешната касарна „Стив Наумов“, простории под реден број 31 и 32 (интендански сервис и берберницата) без надоместок.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општината Битола да склучи договор со кој што ќе се регулира начинот на користење на просториите во сопственост на Општината Битола.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-15/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.07.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за усвојување Извештајот за движењето на заразните заболувања во Општината Битола за 2011 година

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Извештајот за движењето на заразните заболувања во Општината Битола за 2011 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 04.07.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1010/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
06.07.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 04.07.2012 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување Извештајот за движењето на заразните заболувања во Општината Битола за 2011 година

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за движењето на заразните заболувања во Општината Битола за 2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-15/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.07.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола

(„Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување Извештајот за извршена имунизација во Општината Битола за 2011 година**

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Извештајот за извршена имунизација во Општината Битола за 2011 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 04.07.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1010/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
06.07.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 04.07.2012 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Извештајот за извршена имунизација во Општината Битола за 2011 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за извршена имунизација во Општината Битола за 2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-15/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.07.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување Информацијата за снабдувањето со вода за пиење на населението во Општина Битола во текот на 2011 година**

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Информацијата за снабдувањето со вода за пиење на населението во Општина Битола во текот на 2011 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 04.07.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1010/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
06.07.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 04.07.2012 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Информацијата за снабдувањето со вода за пиење на населението во Општина Битола во текот на 2011 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Информацијата за снабдувањето со вода за пиење на населението во Општина Битола во текот на 2011 година

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-15/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.07.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за усвојување Информацијата за здравствено еколошкиот ризик од загадувањето на водата од акумулацијата Стрежево за 2011 година

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Информацијата за здравствено еколошкиот ризик од загадувањето на водата од акумулацијата Стрежево за 2011 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 04.07.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1010/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
06.07.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 04.07.2012 година, донесе

## З А К Л У Ч О К за усвојување Информацијата за здравствено еколошкиот ризик од загадувањето на водата од акумулацијата Стрежево за 2011 година

1. СЕ УСВОЈУВА Информацијата за здравствено еколошкиот ризик од загадувањето на водата од акумулацијата Стрежево за 2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-15/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.07.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за усвојување Информацијата и еваулација на комунална бучава во Општината Битола во текот на 2011 година

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Информацијата и еваулација на комунална бучава во Општината Битола во текот на 2011 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 04.07.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1010/10 ГРАДОНАЧАЛНИК
06.07.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 04.07.2012 година, донесе

## З А К Л У Ч О К за усвојување Информацијата и еваулација на комунална бучава во Општината Битола во текот на 2011 година

1. СЕ УСВОЈУВА Информацијата и еваулација на комунална бучава во Општината Битола во текот на 2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-15/12 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.07.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за усвојување Информацијата и проценка на ризик од санитарно-хигенската состојба во училишната средина врз здравјето на учениците во Општина Битола

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Информацијата и проценка на ризик од санитарно-хигенската состојба во училишната средина врз здравјето на учениците во Општина Битола, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 04.07.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1010/11 ГРАДОНАЧАЛНИК
06.07.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 04.07.2012 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување Информацијата и проценка на ризик од санитарно-хигенската состојба во училишната средина врз здравјето на учениците во Општина Битола

1. СЕ УСВОЈУВА Информацијата и проценка на ризик од санитарно-хигенската состојба во училишната средина врз здравјето на учениците во Општина Битола.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-15/13 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.07.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за усвојување Информацијата за санитарно-хигенската состојба на објектите за сместување на предшколски и школски деца и биолошката вредност на исхраната на истите

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Информацијата за санитарно-хигенската состојба на објектите за сместување на предшколски и школски деца и биолошката вредност на исхраната на истите, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 04.07.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1010/12 ГРАДОНАЧАЛНИК
06.07.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 04.07.2012 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување Информацијата за санитарно-хигенската состојба на објектите за сместување на предшколски и школски деца и биолошката вредност на исхраната на истите

1. СЕ УСВОЈУВА Информацијата за санитарно-хигенската состојба на објектите за сместување на предшколски и школски деца и биолошката вредност на исхраната на истите.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-15/14 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.07.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за Месна заедница „ГОРНО ОРИЗАРИ Блок 1“ - Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за Месна заедница „ГОРНО ОРИЗАРИ Блок 1“ - Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 04.07.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1010/14 ГРАДОНАЧАЛНИК
06.07.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 11, 17, 17-а став 1 и 2 и член 26 став 5 алинеја 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање-Пречистен текст („Сл. Весник на РМ“ бр. 60/2011) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 04.07.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за Месна заедница „ГОРНО ОРИЗАРИ Блок 1“ - Општина Битола

**Член 1**

СЕ ОТПОЧНУВА постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за Месна заедница „ГОРНО ОРИЗАРИ Блок 1“ - Општина Битола.

Границата на планскиот опфат се: на север новоформирана улица по ДУП за МЗ „Горно Оризари,“ на исток магистрална улица Владимир Назор, на запад дел од колекторска улица по ГУП и дел од станбена улица Петко Шалески.

Опфатот на вака предложениот ДУП има површина од приближно 3,5 ха.

**Член 2**

Финансирањето на постапката за изработка и донесување на ДУП за Месна заедница „ГОРНО ОРИЗАРИ Блок 1“ - Општина Битола, ќе го врши подносителот на иницијативата.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-15/16 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.07.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување потреба од изработување на Локална Урбанистичка Планска документација за

**објект со намена лесна незагадувачка индустрија (класа на намени Г2) на КП Бр. 163/2, м.в. Долга Ливада, КО Нижеполе - Општина Битола**

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување потреба од изработување на Локална Урбанистичка Планска документација за објект со намена лесна незагадувачка индустрија (класа на намени Г2) на КП Бр. 163/2, м.в. Долга Ливада, КО Нижеполе – Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 04.07.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1010/15 ГРАДОНАЧАЛНИК
06.07.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање-Пречистен текст („Сл. весник на РМ“ бр.. 60/2011) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 04.07.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување потреба од изработување на Локална Урбанистичка Планска документација за објект со намена лесна незагадувачка индустрија (класа на намени Г2) на КП Бр. 163/2, м.в. Долга Ливада, КО Нижеполе - Општина Битола

**Член 1**

СЕ УТВРДУВА ПОТРЕБА од изработување на Локална Урбанистичка Планска документација за објект со намена лесна незагадувачка индустрија (класа на намени Г2) на КП Бр. 163/2, м.в. Долга Ливада, КО Нижеполе – Општина Битола

Опфатот на Локалната урбанистичка планска документација се поклопува со границата на КП Бр. 163/2 и има вкупна површина од 2000 м2.

**Член 2**

Финансирањето на постапката за изработка и донесувањето на Локалната урбанистичка планска документација ќе го врши подносителот на иницијативата.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-15/17 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.07.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување потреба од изработување на Локална Урбанистичка Планска документација за стопански комплекс (класа на намени Г4), на КП Бр. 471/1, м.в. Ореј КО Дихово - Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување потреба од изработување на Локална Урбанистичка Планска документација за стопански комплекс (класа на намени Г4), на КП Бр. 471/1, м.в. Ореј КО Дихово – Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 04.07.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1010/16 ГРАДОНАЧАЛНИК
06.07.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање-Пречистен текст („Сл. весник на РМ“ бр.

60/2011) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општината Битола" бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 04.07.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување потреба од изработување на Локална Урбанистичка Планска документација за стопански комплекс (класа на намени Г4), на КП Бр. 471/1, м.в. Ореј КО Дихово - Општина Битола

**Член 1**

СЕ УТВРДУВА ПОТРЕБА од изработување на Локална Урбанистичка Планска документација за стопански комплекс (класа на намени Г4), на КП Бр. 471/1, м.в. Ореј КО Дихово – Општина Битола.

Опфатот на Локалната урбанистичка планска документација се поклопува со границата на КП Бр. 471/1 и има вкупна површина од 3760 м2.

**Член 2**

Финансирањето на постапката за изработка и донесувањето на Локалната урбанистичка планска документација ќе го врши подносителот на иницијативата.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.07-15/18 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.07.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување Нацрт ДУП за ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ 4-ТИ ДЕЛ Блок 1 - Битола

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување Нацрт ДУП за ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ 4-ТИ ДЕЛ Бло к 1 - Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 04.07.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-1010/17 ГРАДОНАЧАЛНИК
06.07.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 24 став 2 од Законот за урбанистичко и просторно планирање – Пречистен текст („Сл. весник на РМ" бр. 60/2011) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола" бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 04.07.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување Нацрт ДУП за ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ 4-ТИ ДЕЛ Блок 1 - Битола

**Член 1**

СЕ УТВРДУВА Нацрт ДУП ЗА „Централно градско подрачје 4-ти дел" Блок 1 – Битола,

**Член 2**

По Нацрт Планот ќе се организира Јавна презенатација и јавна анкета.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.07-15/19 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.07.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член

54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување Нацрт ДУП за ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ 1 дел Блок 1 - Битола

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување Нацрт ДУП за ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ 1 дел Блок 1 - Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 04.07.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1010/18 ГРАДОНАЧАЛНИК
06.07.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 24 став 2 од Законот за урбанистичко и просторно планирање – Пречистен текст („Сл. весник на РМ“ бр. 60/2011) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 04.07.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување Нацрт ДУП за ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ 1 дел Блок 1 - Битола

**Член 1**

СЕ УТВРДУВА Нацрт ДУП ЗА „Централно градско подрачје 1 дел - Блок 1“ – Битола,

**Член 2**

По Нацрт Планот ќе се организира Јавна презенатација и јавна анкета.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-15/20 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.07.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за донесување на ДУП за дел од градска работна зона северно од патот Битола - с. Новаци „Блок 1“ Битола

1. Ја објавувам Одлуката за донесување на ДУП за дел од градска работна зона северно од патот Битола – с. Новаци „Блок 1“ Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 04.07.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1010/19 ГРАДОНАЧАЛНИК
06.07.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 26 став 5 алинеја 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање – Пречистен текст („Сл. весник на РМ” бр. 60/2011) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 04.07.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## за донесување на ДУП за дел од градска работна зона северно од патот Битола - с. Новаци „Блок 1“ Битола

**Член 1**

СЕ ДОНЕСУВА Одлука за донесување на ДУП за дел од градска работна зона северно од патот Битола – с. Новаци „Блок 1“ Битола.

**Член 2**

Границите на овој ДУП се: на север по осовина на дел од улица „Прилепска“ се-

верна граница на КП Бр. 11871 и КП Бр. 11879 и северна граница на регулиран отворен канал, на исток граница на регулиран отворен канал, на југ осовина на патот Битола с. Новаци и на запад осовина на новопроектирана улица.

Опфатот на вака предложениот План има површина од 11,33 ха.

**Член 3**

ДУП за дел од градска работна зона северно од патот Битола – с. Новаци „Блок 1“ Битола, се состои од текстуален и графички дел кои се составен дел на ова Одлука.

**Член 4**

ДУП за дел од градска работна зона северно од патот Битола – с. Новаци „Блок 1“ Битола, се заверува со потпис и печат од донесителот на планот.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-15/21 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.07.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за преземање на Работнички универзитет „Крсте Мисирков“ - Битола

1. Ја објавувам Одлуката за преземање на Работнички универзитет „Крсте Мисирков“ - Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 04.07.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1010/20 ГРАДОНАЧАЛНИК
06.07.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 21 и 22 од Законот за отворените граѓански универзитети за доживотно учење („Службен весник на РМ“ бр. 36/2011) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на општината Битола на седницата одржана на 04.07.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## за преземање на Работнички универзитет „Крсте Мисирков“ - Битола

**Член 1**

Со оваа Одлука, Општина Битола ги презема основачките права, објектите, имотот-опремата и инвентарот на Работничкиот универзитет „Крсте Мисирков“ Битола.

**Член 2**

Со преземањето на основачките права од страна на Општина Битола, работничкиот универзитет „Крсте Мисирков“ Битола, се трансформира во Општинска јавна образовна установа „Отворен граѓански универзитет за доживотно учење“ Битола - во која се врши јавна услуга како дејност од областа на формалното образование на младите и возрасните лица (основно образование за возрасни, средно образование за возрасни, стручно оспособување, стручно образование за занимање, техничко образование и постсредно образование за возрасни, преквалификација и доквалификација) како и неформално образование на младите и возрасни лица насочено кон оспособување за работа, за различни социјални активности или личен развој.

**Член 3**

Објектите, имотот-опремата, инвентарот, архивската документација, средствата

за работа и другите права и обврски, се пренесуваат во сопственост на Општина Битола, а преминуваат во управување на „Отворениот граѓански универзитет за доживотно учење“.

**Член 4**

Вработените во Работничкиот универзитет „Крсте Мисирков“ Битола, ја продолжуваат својата работа во „Отворениот граѓански универзитет за доживотно учење“.

**Член 5**

Средствата за финансирање на „Отворениот граѓански универзитет за доживотно учење“ се обезбедуваат од сопствени приходи за извршени услуги, од основачот, од Буџетот на Република Македонија, како и од легати, подароци, донации и други извори.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува на сила по примањето на објектите и имотот на Работничкиот Универзитет „Крсте Мисирков“ - Битола, од Владата на Република Македонија, во сопственост на Општина Битола, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-15/22 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.07.2012 г. на Советот на Општината Битола
Битола д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за поддржување иницијатива за изградба на кино „Манаки“-Битола

1. Ја објавувам Одлуката за поддржување иницијатива за изградба на кино „Манаки“-Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 04.07.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1010/21 ГРАДОНАЧАЛНИК
06.07.2012 год. на Општината Битола,
Битола м-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 04.07.2012 година, донесе

## ОДЛУКА
## за поддржување иницијатива за изградба на кино „Манаки“-Битола

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општината Битола ја поддржува иницијативата за изградба на кино „Манаки“-Битола, согласно ДУП-центарлно градско подрачје- 4 дел урбан Блок 12 КП бр.11789 КО Битола.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Битола и Општинската администрација да ги преземат сите дејствија согласно позитивните законски прописи и други акти за реализација на овој проект.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-15/23 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.07.2012 г. на Советот на Општината Битола
Битола д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на тарифа на цени по зони, за организирање на зонско паркирање

1. Ја објавувам Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на тарифа на цени по зони, за организирање на зонско паркирање, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 04.07.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1010/22 ГРАДОНАЧАЛНИК
06.07.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. бр. о5/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 04.07.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на тарифа на цени по зони, за организирање на зонско паркирање

**Член 1**

Во Одлуката за утврдување на Тарифа на цени по зони за организирање на зонско паркирање („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 07/2012) во членот 2 став 1 Прва и Втора зона каде што стои 17-02 часот, 02-07 часот треба да стои 17-22 часот, 22-07 часот, слободно паркирање.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-15/24 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.07.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување на интерес за основање на Акционерско друштво за вршење дејност спорт

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на интерес за основање на Акционерско друштво за вршење дејност спорт, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 04.07.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1010/23 ГРАДОНАЧАЛНИК
06.07.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02), а во врска со член 17 од Законот за изменување и дополнување на Законот за спорт („Службен весник на РМ“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11 и 51/11) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 04.07.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на интерес за основање на Акционерско друштво за вршење дејност спорт

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општината Битола го утврдува интересот на Општина Битола за пристапување како основач на Друштво за спортски дејности ФУДБАЛСКИ КЛУБ ПЕЛИСТЕР АД БИТОЛА.

Основач на акционерското друштво ќе биде Општината Битола.

**Член 2**

Акционерското друштво ќе работи и во правниот промет ќе истапува под фирмата:

Друштвото за спортски дејности ФУДБАЛСКИ КЛУБ ПЕЛИСТЕР АД Битола (во натамошниот текст: Друштво)

Скратениот назив на фирмата на Друштвото ќе гласи:

**ФУДБАЛСКИ КЛУБ ПЕЛИСТЕР АД БИТОЛА**

**Член 3**

Седиштето на Друштвото ќе биде во Битола на ул. „Томаки Димитровски“ 7-1

**Член 4**

Во рамките на предметот на работењето, Друштвото ќе ја врши следната претежна дејност:

93.12 – Дејности на спортските клубови.

**Член 5**

Основачката главнина на Друштвото во денарска противвредност од 25.000 евра во ствари со проценка на овластен проценител ќе ја обезбеди Општина Битола.

**Член 6**

Управувањето на Друштвото ќе се организира според едностепениот систем на управување.

Органи на Друштвото се:
Собрание на друштвото и
Одбор на директори

**Член 7**

Со Друштвото ќе управува Одборот на директори во рамките на овластувањата определени со Законот за трговски друштва, Статутот и овластувањата што изречно му се дадени од Собранието на Друштвото. Членовите на Одборот на директори ги избира Собранието на Друштвото. Мандатот и статусот на членовите на Одборот на директори ќе се определи со Статутот на Друштвото.

**Член 8**

Со Статутот на Друштвото поблиску ќе се уредат фирмата и седиштето; предметот на работењето на Друштвото; износот на основната главнина; номиналниот износ на акциите; бројот на акциите; и други прашања од значење за Друштвото согласно Законот за трговските друштва.

**Член 9**

Работите од надлежност на Собранието на Друштвото, Општина Битола ќе ги врши преку овластен претставник.

Се овластува овластениот претставник да ги преземе сите дејствија и активности во претставувањето на Општина Битола во Собранието на акционери, како и да ги преземе сите потребни дејствија и активности, како и да ги донесе потребните одлуки за основање на Друштвото, а особено да ги преземе акциите на Друштвото; да го изготви, усогласи и донесе Статутот на Друштвото како и да го потпише Статутот на Друштвото; да потпише изјава за преземање на акциите; да потпише изјава дека основањето е согласно закон; да донесе одлука за избор на органите на управување; да го состави извештајот за текот на основањето на Друштвото; да поднесе пријава за основање на Друштвото; како и сите потребни дејствија за основање на Друштвото.

За овластен претставник од Советот на Општината Битола кој ќе ги врши работите од надлежност на Собранието на Друштвото, Советот на Општина Битола ја именува:

Силвана Ангелевска, Претседател на Совет на Општина Битола.

**Член 10**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во "Службен Гласник на Општина Битола".

Бр.07-15/25 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.07.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за донесување на ДУП за Централно градско подрачје 3 дел - Блок 10 и 16" - Битола

1. Ја објавувам Одлуката за донесување на ДУП за Централно градско подрачје 3 дел - Блок 10 и 16" - Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 04.07.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Служ-бен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-1010/24 ГРАДОНАЧАЛНИК
06.07.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 26 став 5 алинеја 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање – Пречистен текст („Сл. весник на РМ" бр. 60/2011) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола" бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 04.07.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## за донесување на ДУП за Централно градско подрачје 3 дел - Блок 10 и 16" - Битола

**Член 1**

СЕ ДОНЕСУВА Одлука за донесување на ДУП за Централно градско подрачје 3 дел Блок 10 и 16" - Битола.

**Член 2**

Границите на Блокот се: на исток Блокот се протега по осовината на ул. „Јосиф Христовски," преминува на улиците „Борис Кидриќ" и Ленинова" и истите ги опфаќа со целиот планиран уличен профил, потоа на југозапад границата оди по осовината на улица „Кирил и Методиј" каде го менува правецот и продолжува по осовината на ул. „29. Ноември" и по улица „Рузвелтова" каде и завршува на пресекот со улица „Јосиф Христовски"

Опфатот на вака предложениот Блок има површина од 4,0 ха.

**Член 3**

ДУП за Централно градско подрачје 3 дел Блок 10 и 16" - Битола, се состои од текстуален и графички дел кои се составен дел на ова Одлука.

**Член 4**

ДУП за Централно градско подрачје 3 дел Блок 10 и 16" - Битола се заверува со потпис и печат од донесителот на планот.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.07-15/26 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.07.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за определување на име на улица во населено место кое се наоѓа во ДУП Брусничко-Лавчански 4 ти дел

1. Ја објавувам Одлуката за определу-вање на име на улица во населено место кое се наоѓа во ДУП Брусничко-Лавчански 4 ти дел, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 04.07.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Служ-бен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-1010/25 ГРАДОНАЧАЛНИК
06.07.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02) и член 22 и 70 од Статутотна Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), а во врска со член 4 од Одлуката за утврдување услови и критериуми за определување на имиња, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти во Општина Битола („Сл. гласник на Општина Битола“ бр. 19/09), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 04.07.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## за определување на име на улица во населено место кое се наоѓа во ДУП Брусничко-Лавчански 4 ти дел

### Член 1

Со оваа Одлука се определува име на улици во населено место ДУП Брусничко Лавчански 4 ти дел и тоа:

- улица „180-та“.

### Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-15/27
04.07.2012 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
д-р Силвана Ангелевска

*Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија „ бр. 5/02) член 43 од Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр.50/2010; 162/2010 и 157/2011), донесувам*

## *РЕШЕНИЕ*
### *за формирање на Комисија и именување на Претседател и членови на комисијата*

*1.Се формира Комисија за одлучување по жалба против решение на општински комунален инспектор донесени согласно Законот за комунални дејности .*

*2. За Претседател и членови на Комисијата се именуваат:*

*Марија Поповска, Советник, - Претседател*

*Томислав Ивановски , Соработник - член*

*Миле Салевски, Соработник – член*

*Мандатот на комисијата трае две години.*

*3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Битола,,.*

### *Образложение*

*Согласно член 43 од Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр.50/2010; 162/2010 и 157/2011), по жалба против одлуките на инспекторот одлучува посебна комисија составена од три члена именувани од Градоначалникот на општината.*

*Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа Градоначалникот раководи со општинската администрација.*

*Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.*

*Бр. 08-623/1*
*02.05.2012 г*
*Битола*

**Градоначалник**
**на Општина Битола**
*м-р Владимир Талески*

*Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија ,, бр. 5/02) и член 208 од Законот за животна средина (,,Службен весник на Република Македонија,,бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11) донесувам*

## ***Р Е Ш Е Н И Е***
***за измена и дополнување на Решението за формирање на Комисија и именување на Претседател и членови на комисијата***

*1.Се врши измена во т. 2 од Решението за формирање на Комисија и именување на Претседател и членови на комисијата бр. 08-1130/1 од 17.05.2011г. за решавање по жалба против одлуките на овластен инспектор за животна средина согласно Закон за животната средина и тоа: зборовите ,, Ордена Мојсовска, Советник – член,, се заменуваат со зборовите ,,Момчило Петровски Советник – член,,*

*2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општината Битола,,*

### ***О б р а з л о ж е н и е***

*Имајки го во предвид фактот што државниот слубеник оствари право на старосна пензија се одлучи како во диспозитивот.*

*Бр. 08-1130/2-2011*
*26.06.2012 г*
*Битола*

***Градоначалник***
***на Општина Битола***
*м-р Владимир Талески*

*Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија „ бр. 5/02) член 52 од Законот за заштита од бучава во животната средина („Службен весник на Република Македонија„ бр. 79/07, 124/10, 47/11) и член 208 од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија„бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11) донесувам*

***Р Е Ш Е Н И Е***
***за измена и дополнување на Решението за формирање на Комисија и именување на Претседател и членови на комисијата***

*1.Се врши измена во т. 2 од Решението за формирање на Комисија и именување на Претседател и членови на комисијата бр. 08-1131/1од 17.05.2011г. за решавање по жалба против одлуките на овластен инспектор за животна средина согласно Закон за заштита од бучава во животната средина и тоа: зборовите „ Ордена Мојсовска, Советник – член„ се заменуваат со зборовите „Момчило Петровски Советник – член„*

*2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општината Битола„*

***О б р а з л о ж е н и е***

*Имајки го во предвид фактот што државниот слубеник оствари право на староснa пензија се одлучи како во диспозитивот.*

*Бр. 08-1131/2-2011*
*26.06.2012 г*
*Битола*

***Градоначалник***
***на Општина Битола***
***м-р Владимир Талески***

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 91, од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија„ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 78/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11 и 6/12), Градоначаликот на Општина Битола , донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на ВД Директор на Средното општинско економско училиште „Јане Сандански„ Битола.**

1. **СЕ РАЗРЕШУВА Василе Дрангоски** ВД Директор на СОЕУ „Јане Сандански„ Битола од функцијата ВД Директор поради истек на мандатот.

2. Се задолжува разрешениот ВД Директор со новоизбраниот Директор веднаш да извршат примопредавање на правата и должности, а во согласност со позитивните прописи.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општината Битола.

**О б р а з л о ж е н и е**

Со Решение за избор на ВД Директор на СОЕУ „Јане Сандански„ Битола Бр.08-605/2 од 30.04.2012 год Василе Дрангоски беше избран за ВД Директор на училиштето.
Со оглед дека мандатот на ВД Директорот истече се одлучи како во диспозитивот.

Примерок од решението да се достави до архивата на Средното општинско економско училиште „Јане Сандански„ Битола, архивата на општинската администрација и еден примерок на разрешениот ВД Директор.

**Бр.08-215/7**
**04.06.2012 год.**
**Битола**

**ОПШТИНА БИТОЛА**
**Г р а д о н а ч а л н и к**
**м-р Владимир Талески**

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 91 и 92а, од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија„ бр. бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 78/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11 и 6/12), Градоначаликот на Општина Битола , донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на Директор на Средно општинско економско училиште „Јане Сандански„ Битола**

1. За Директор на СОЕУ „Јане Сандански„ Битола **се избира Мирка Вангелова** ВСС Дипломиран економист вработен во училиштето како наставник по економски предмети, со положен испит за Директор.

2. Мандатот на Директорот трае 4 години

3. Се задолжува разрешениот ВД Директор со новоизбраниот Директор веднаш да извршат примопредавање на правата и должностите во согласност со позитивните прописи.

4. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„

**О б р а з л о ж е н и е**

Градоначалникот на Општината донесе Одлука за распишување на Јавен оглас за избор на Директор на СОЕУ „Јане Сандански„ Битола.
Училишниот одбор распиша Јавен оглас . По објавениот Јавен оглас за избор на Директор во СОЕУ, Училишниот одбор достави предлог до Градоначалникот - бр. 02-226/2 од 18.05.2012 г. со кој предлог за Директор на училиштето е предложен кандидатот Мирка Вангелова Дипломиран економист со положен испит за Директор, кој воедно е и единствен кандидат кој се пријавил по огласот, по повлекувањето на документите од другиот пријавен кандидат.

Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа Градоначалникот избира Директори на јавни служби кои ги основала општината.
Согласно член 91 и 92а, од Законот за средно образование, Директорот на училиштето го избира Градоначалникот на Општината.

Мандатот на Директорот трае 4 години.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот.

**Бр.08-215/6**
**04.06.2012 год.**
**Битола**

**ОПШТИНА БИТОЛА**
**Г р а д о н а ч а л н и к**
**м-р Владимир Талески**

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање- Пречистен текст ( „Сл. весник на РМ” бр. 60/11), Градоначалникот на Општина Битола донесе

**О Д Л У К А**
**За организирање на јавна презентација и јавна анкета по Нацрт ДУП за „Урбана четврт Локалитет Француски гробишта Блок 2 - Битола**

Член 1

Со оваа Одлука се организира јавна презентација и јавна анкета за донесување на Детален урбанистички план за **„Урбана четврт Локалитет Француски гробишта Блок 2 - Битола**

Член 2

Соопштение за јавната презентација и јавната анкета ќе биде објавено во дневен печат “Дневник” и „Битолски весник“.

Член 3

Јавната презентација ќе се одржи на ден **27.06.2012 г.** во **10.00** часот во Големата сала на (3) трети кат во Општина Битола на ул. Бул. 1 ви Мај бр. 61 а јавната анкета ќе започне од 27.06.2012 год. и ќе трае до 10.07.2012 г. година.

Член 4

Нацртот на Детален урбанистички План за **„Урбана четврт Локалитет Француски гробишта Блок 2 - Битола** ќе биде изложен на јавно место во Општина Битола, ул.„Булевар 1-ви Мај„ бр.61 каде заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок на анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки секој работен ден од 13 до 16 часот.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во („Службен гласник“ на Општината Битола)

08-920
22.06.2012 год.
Б И Т О Л А

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Битола**

**Владимир Талески**

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање - Пречистен текст („Сл. весник на РМ" бр. 60/11), Градоначалникот на Општина Битола донесе:

**О Д Л У К А**
**За организирање на јавна презентација и јавна анкета по Локална урбанистичка планска документација за изградба на фотоволтаична централа со капацитет до 1 MW на КП Бр. 575/1 и 575/10 м.в. Брегови, КО Егри Општина Битола**

Член 1

Со оваа Одлука се организира јавна презентација и јавна анкета за донесување на **ЛУПД за изградба на фотоловтаична централа со капацитет до 1 МВ на КП Бр. 575/1 и 575/10 м.в. Брегови, КО Егри Општина Битола.**

Член 2

Соопштение за јавната презентација и јавната анкета ќе биде објавено во дневен печат "Дневник" и „Битолски весник".

Член 3

Јавната презентација ќе се одржи на ден **27.06.2012 г.** во **10.00** часот во Големата сала на (3) трети кат во Општина Битола на ул. Бул. 1 ви Мај бр.61 а јавната анкета ќе започне од **27.06.2012 год. и ќе трае до 04.06.2012 г. година.**

Член 4

**Локалната урбанистичка планска документација за изградба на фотоловтаична централа со капацитет до 1 МВ на КП Бр. 575/1 и КП Бр. 575/10 м.в. Брегови, КО Егри Општина Битола** ќе биде изложена на јавно место во Општина Битола, ул.„Булевар 1-ви Мај„ бр.61 каде заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок на анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки секој работен ден од 13 до 16 часот.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во („Службен гласник" на Општината Битола)

08-922
22.06.2012 год.
Б И Т О Л А

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Битола**
**Владимир Талески**

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање - Пречистен текст („Сл. весник на РМ" бр. 60/11), Градоначалникот на Општина Битола донесе:

## **ОДЛУКА**
### **За организирање на јавна презентација и јавна анкета по Локална урбанистичка планска документација за изградба на фотоволтаична централа со капацитет до 1 MW на КП Бр. 575/9 м.в. Брегови, КО Егри Општина Битола**

Член 1

Со оваа Одлука се организира јавна презентација и јавна анкета за донесување на **ЛУПД за изградба на фотоловтаична централа со капацитет до 1 МВ на КП Бр. 575/9 м.в. Брегови, КО Егри Општина Битола.**

Член 2

Соопштение за јавната презентација и јавната анкета ќе биде објавено во дневен печат "Дневник" и „Битолски весник".

Член 3

Јавната презентација ќе се одржи на ден **27.06.2012 г.** во **10.00** часот во Големата сала на (3) трети кат во Општина Битола на ул. Бул. 1 ви Мај бр.61 а јавната анкета ќе започне од **27.06.2012 год. и ќе трае до 04.06.2012 г. година.**

Член 4

**Локалната урбанистичка планска документација за изградба на фотоловтаична централа со капацитет до 1 МВ на КП Бр. 575/9м.в. Брегови, КО Егри Општина Битола** ќе биде изложена на јавно место во Општина Битола, ул.„Булевар 1-ви Мај„ бр.61 каде заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок на анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки секој работен ден од 13 до 16 часот.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во („Службен гласник" на Општината Битола)

08-921
22.06.2012 год.
БИТОЛА

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Битола**
**Владимир Талески**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

# С О Д Р Ж И Н А

ОДЛУКА за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за давање на услуги на паркирање .................................... 181

З А К Л У Ч О К за усвојување Информацијата за состојбата на шумските површини и опасностите од пожари во истите и материјално-техничката подготвеност на субјектите .......................... 183

З А К Л У Ч О К за усвојување Информацијата за остварување на противпожарната заштита во Општината Битола .......................................................... 183

О Д Л У К А за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на Здружението на граѓани ДПД „ПЕГАЗ“ Битола .......................................................... 184

О Д Л У К А за давање на користење недвижен имот во сопственост на Општина Битола без надоместок на Здружение за едукација за заштита од пожари ПЕГАЗ – ЕДУ - Битола ................................................ 185

З А К Л У Ч О К за усвојување Извештајот за движењето на заразните заболувања во Општината Битола за 2011 година ............. 185

З А К Л У Ч О К за усвојување Извештајот за извршена имунизација во Општината Битола за 2011 година ................................. 186

З А К Л У Ч О К за усвојување Информацијата за снабдувањето со вода за пиење на населението во Општина Битола во текот на 2011 година .............................. 186

З А К Л У Ч О К за усвојување Информацијата за здравствено еколошкиот ризик од загадувањето на водата од акумулацијата Стрежево за 2011 година .... 187

З А К Л У Ч О К за усвојување Информацијата и еваулација на комунална бучава во Општината Битола во текот на 2011 година .................................................. 187

З А К Л У Ч О К за усвојување Информацијата и проценка на ризик од санитарно-хигенската состојба во училишната средина врз здравјето на учениците во Општина Битола ................... 188

З А К Л У Ч О К за усвојување Информацијата за санитарно-хигенската состојба на објектите за сместување на предшколски и школски деца и биолошката вредност на исхраната на истите ................ 188

О Д Л У К А за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за Месна заедница „ГОРНО ОРИЗАРИ Блок 1“ - Општина Битола......... 189

О Д Л У К А за утврдување потреба од изработување на Локална Урбанистичка Планска документација за објект со намена лесна незагадувачка индустрија (класа на намени Г2) на КП Бр. 163/2, м.в. Долга Ливада, КО Нижеполе – Општина Битола.. 190

О Д Л У К А за утврдување потреба од изработување на Локална Урбанистичка Планска документација за стопански комплекс (класа на намени Г4), на КП Бр. 471/1, м.в. Ореј КО Дихово – Општина Битола........................................................... 191

О Д Л У К А за утврдување Нацрт ДУП за ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ 4-ТИ ДЕЛ Блок 1 - Битола.................................... 191

О Д Л У К А за утврдување Нацрт ДУП за ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ 1 дел Блок 1 - Битола............................................. 192

О Д Л У К А за донесување на ДУП за дел од градска работна зона северно од патот Битола – с. Новаци „Блок 1“ Битола............ 192

О Д Л У К А за преземање на Работнички универзитет „Крсте Мисирков“ – Битола... 193

ОДЛУКА за поддржување иницијатива за изградба на кино „Манаки“-Битола............. 194

О Д Л У К А за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на тарифа на цени по зони, за организирање на зонско паркирање.................................................... 195

О Д Л У К А за утврдување на интерес за основање на Акционерско друштво за вршење дејност спорт.................................. 195

О Д Л У К А за донесување на ДУП за Централно градско подрачје 3 дел - Блок 10 и 16“ - Битола ............................................. 197

О Д Л У К А за определување на име на улица во населено место кое се наоѓа во ДУП Брусничко-Лавчански 4 ти дел .......... 198

Р Е Ш Е Н И Е за формирање на Комисија и именување на Претседател и членови на комисијата .................................................... 199

Р Е Ш Е Н И Е за измена и дополнување на Решението за формирање на Комисија и именување на Претседател и членови на комисијата .................................................... 200

Р Е Ш Е Н И Е за измена и дополнување на Решението за формирање на Комисија и именување на Претседател и членови на комисијата .................................................... 201

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на ВД Директор на Средното општинско економско училиште „Јане Сандански“ Битола .......................................................... 202

Р Е Ш Е Н И Е за избор на Директор на Средното општинско економско училиште „Јане Сандански“ Битола ............................ 203

О Д Л У К А за организирање на јавна презентација и јавна анкета по Нацрт ДУП за „Урбана четврт Локалитет Францускi гробишта Блок 2 - Битола“ .......................... 204

О Д Л У К А за организирање на јавна презентација и јавна анкета по Локална урбанистичка планска документација за изградба на фотоволтаична централа со капацитет од 1 MW на КП 575/1 и 575/10 м.в. Брегови, КО Егри Општина Битола ..... 205

О Д Л У К А за организирање на јавна презентација и јавна анкета по Локална урбанистичка планска документација за изградба на фотоволтаична централа со капацитет од 1 MW на КП 575/9 м.в. Брегови, КО Егри Општина Битола............ 206

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211